| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Пред Нова година |
| **Содржина на денот** | Подароците патуваат |
| **Возраст** | 3-4 години |
| **Воспитувач** | Бојана Алексоска |
| **Дневни активности** | |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор на тема-како да го сочуваме здрвјето во годишното време зима. |
| **Активности** | Подвижните игри кои може да ги играте со Вашите деца се добар начин да поминете заедничко и квалитетно време. Но пред секоја физичка активност потребно е да ја загреете целокупната мускулатура на телото. Заедно пејте песни и вежбајте. Бидејќи се ближат Новогодишните празници и децата се радуваат и очекуваат подароци од Дедо Мраз може да креирте подвижна игра на оваа тема. Изработете подароци од мали картонски кутии. Потрбни ви се мали кутии на кои ќе врзете врвки,овие кутии заврзете му гу на детето на глава. Објаснете му ги на детето правилата на игра. Подароците се поставени на различни места во собата. Детето треба да земе еден подарок и да го стави во кутијата на глава и притоа треба да одржува рамнотежа,да не ја придржува кутијата со раце и да внимава да не му падне подарокот. Подарокот треба да го стави во една голема кутија. Може го мерите времето кое ќе му биде потребно на детето да ја заврши активноста. А може и со Вас да се натпреварува-кој ќе собере најмногу подароци во својата кутија е победник. Во продолжение детето може да ја нацрта својата новогодишна желба и да ја стави во подарокот под новогодишната елка во Вашиот дом. |